**Кандидатот на коалицијата предводена од СДСМ (37,1%) и советничката листа на истата коалиција (33,8%) имаат блага предност пред кандидатот (34,6%) и советничката листа (31,7%) на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ,** покажа последната анкета на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма посветена на рејтинзите на кандидатите за градоначалници и листите за советници за град Скопје.




Според резултатите, **повеќе параметри влијаат на изборот на граѓаните.** Гледано од аспект на **етничката припадност –** кандидатот Петре Шилегов и советничката листа на коалицијата предводена од СДСМ имаат поголема поддршка кај етничките Албанци од противкандидатот Коце Трајановски и советничката листа на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Кандидатот Шилегов, на пример, има поддршка кај 58,6% од етничките Албанци за разлика од неговиот конкурент Трајановски за кого оваа поддршка изнесува 4,8%. Што се однесува до поддршката кај етничките Македонци, во предност е Трајановски (42,3%) за 11,4 процентни поени пред Шилегов (30,9%).

**И местото на живеење влијае на одговорите.** Испитаниците кои живеат во село во поголем број го поддржуваат кандидатот Коце Трајановски (45,6%), додека кандидатот Петре Шилегов има поголема поддршка кај оние кои живеат во град (40,1%). Што се однесува до **возраста,** со зголемувањето на возраста расте поддршката на кандидатот Коце Трајановски, додека кандидатот Петре Шилегов има поголема поддршка кај помладите. Покрај ова, на одговорите влијае и **работниот статус** и **образо вната структура**.


РЕЈТИНЗИ НА КАНДИДАТИТЕ
ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА СКОПЈЕ
И НА ЛИСТИТЕ ЗА СОВЕТНИЦИ